ЗАПИСНИК
од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
одржана на 15.02.2023 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради користење годишен одмор.**

**Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска по овластување бр.03-4905/1 од 28.12.2022 година, го заменуваше директорот на АВМУ.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Петревска Камењарова, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.02.2023 година.
2. Предлог за донесување на одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, со предлог – одлука.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) за прекршување на членот 55 став 5 од ЗААВМУ.

4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар за прекршување на членот 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.
6. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки.
7. Предлог – одлуки за исплата на надоместок за смрт на член на семејство.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.02.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за донесување на одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, со предлог – одлука. Објасни дека всушност се работи за потреба од дообезбедување на финансиски средства во износ од 105.000,00 денари, наменети за зголемување на финансиските средства потребни за склучување договор за јавна набавка – ревизорски услуги за потребите на Агенцијата. Со предложените измени ќе се намалат групната ставка 441- Средства за опрема и Позицијата 441500 – Купување/набавка на друга опрема за 105 илјади денари, додека групната ставка 418- Останати други расходи и Позицијата 418800 – Други расходи ќе се зголемат за наведениот износ. Со предложениот ребаланс вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за 2023-та година остануваат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 149.530.505,00 денари.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, бр. 05-680/1 од 09.02.2023 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година остануваат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 149.530.505,00 денари.

Со предложениот ребаланс ќе се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 105.000,00 денари, наменети за:

- Зголемување на финансиските средства потребни за склучување договор за јавна набавка – ревизорски услуги за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) за прекршување на членот 55 став 5 од ЗААВМУ. Објасни дека направен е редовен програмски надзор на МРТ2 и констатирано е дека е прекршен член 55 став 5 од ЗААВМУ затоа што во одредени програми емитувани на 4 јануари беа пласирани производи без да биде јасно означено дека содржат пласирање производи. Од таа причина се предлага Советот да донесе мерка јавна опомена и да му се наложи на радиодифузерот во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението своето работење да го усогласи со Законот. Наведе дека во материјалите е доставено и писмено изјаснување во кое што тие ја признаваат грешката и велат дека ќе се усогласат со Законот.

Г-дин Ајдини рече дека ја разгледал точката и го прочитал нивното изјаснување, меѓутоа смета дека МРТ2 не разбрале точно каде згрешиле, а и никаде во Извештајот од надзор не пишува дека тие немаат право во наведените емисии да емитуваат реклами. Според точките 25 и 26 на Упатството за примена на одредбите за пласирани производи во детали е објаснето како треба да биде означувањето на пласираните производи, односно на почетокот и на крајот на програмата, како и при секое продолжување на програмата (доколку таа се прекинува со паузи за рекламирање). Треба да се означуваат со истакнување на лого за пласирани производи. Во нивното изјаснување стои дека тие во иднина нема да направат таква грешка, но не сфатиле дека во емисиите имаат право да пласираат производи но на начин како што е наведено во Упатството. Посочи дека треба добро да им се објасни каде и зошто е направен прекршокот.

Г-дин Петрушевски во врска со дискусијата на г-дин Ајдини се обрати до службата за да контактираат со МРТ2 и да им се објасни како да постапат во иднина за да не дојде до поведување на прекршочна постапка.

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова рече дека се согласува со мислењето на г-дин Ајдини дека МРТ2 не сфатиле сосема за што станува збор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-344/1 од 26.01.2023 година и едногласно заклучи на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 55 став 5 од ЗААВМУ затоа што во програмите „Gurmania channel (Tradicionalja/Veggie)" и „Gurmania channel (Veggie/Zhuzuff Kitchen)" емитувани на 4 јануари 2023 година, беа пласирани производи без да биде јасно означено дека содржат пласирање производи.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи – во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на

решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката Драгица Љубевска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар за прекршување на членот 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањето е констатирано со контролен надзор на програмата емитувана на 16 јануари 2023 година со цел да се види дали радиодифузерот своето работење го усогласил со Законот, согласно Решението за изрекување мерка јавна опомена изречено на 29 ноември 2022 година за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Со надзорот е констатирано дека радиодифузерот не го отстранил прекршокот и притоа продолжува со прекршување на истата одредба. Од таа причина се предлага да му се изрече мерка јавна опомена и да му се наложи на радиодифузерот во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението своето работење да го усогласи со Законот. Објасни дека во овој случај повторно се предлага јавна опомена затоа што првиот надзор е направен минатата година и исто така мерката јавна опомена му е изречена претходната година.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор, бр.10-460/1 од 27.01.2023 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 16 јануари 2023, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на

надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници. Објасни дека според Закон Агенцијата има обврска голем број одлуки или други акти да ги објавува во дневни весници. Предвидениот износ на средствата би бил 400.000,00 денари а набавката е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.

**Точка 6**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки. Објасни дека оваа услуга, односно дезинфекција и дезинсекција ќе се изврши во деловните објекти на АВМУ и Агенцијата за млади и спорт затоа што претходниот период во просториите и кај двете институции се забележа појава на инсекти. Побарана е и добиена согласност од Агенцијата за млади и спорт која што е доставена во прилог како и Договор за набавка на оваа услуга каде што е договорен и процентуалниот износ кој што треба да се плати односно 69,33% АВМУ и 30,67% АМС. За реализација на оваа набавка потребни се средства од 35.872,00 денари со вклучен ДДВ со тоа што АВМУ согласно договорениот процент би платила 24.870,00 денари со вклучен ДДВ.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услуга – дезинфекција и дезинсекција во деловните простории, со вредност под праговите за примена на Законот за јавните набавки, во износ од 35.872,00 денари со вклучен ДДВ односно 30.400,00 денари без вклучен ДДВ.

Спроведувањето на горенаведената услуга средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 7**

По доставени барања, согласно Законот, Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение да се донесат три Одлуки за исплата на паричен надоместок на тројца работници за смрт на член на семејство (родител), во висина од по 15.000,00 денари.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-735/10**

**23.02.2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**